2017

# З а п и с н и к
# Од 3-тата редовна седница на Советот на Општина Берово

Одделение за општи и правни работи,Општина Берово,2017 година

**З А П И С Н И К**

**Од третата седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 05.12.2017 година во салата за состаноци при општина Берово со почеток во 10 часот**

Седницата ја отвори Претседателоот на Советот на Општина Берово, Јован Матеничарски.

Од 15 советници на седницата присуствуваа сите 15 советници и тоа: Јован Матеничарски, Предраг Монев, Славица Фурнаџиска, Гоце Ружински, Драган Мустачки, Благица Русковска, Јованка Василевска Петрушевска, Фахрудин Мустафов. Емилија Пачемска, Герасим Гриовски, Јован Ковачовски, Влатко Буровски.

На почетокот на седницата не присуствуваше Градоначалникот на Општина Берово Звонко Пекевски,кој,како што рече Претседателот Матеничарски,службено е отсутен,но за кратко време ќе се вклучи во работата на Советот.

За работата на Советот на третата седница, Претседателот на Советот, Јован Матеничарски, го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД:

*1.Усвојување на Записникот од 2-та седница на Советот на Општина Берово;*

*2.Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2017 година;*

*3.Одлука за именување на членови на Управен одбор при ЈПКР Услуга-Берово;*

*4. Одлука за именување на членови на Управен одбор при Дом на култура Димнитар Беровски-Берово;*

*5.Предлог Годишна програма за работа на ОЈУДГ 23 Август Берово за 2017/2018 година;*

*6.Годишен извештај за работата на 23 Август Берово за 2016/2017 година;*

*7.Правилник за организација на работните места при ОЈУДГ 23 Август-Берово;*

*8.Правилник за систематизација на работните места при ОЈУДГ "23 Август" Берово;*

*9.Годишен план за вработување на ЈПКР" Услуга"- Берово за 2018 година;*

*10.Шестмесечен извештај за работата на ТППЕ Берово за 2017 година;*

*11.Предлог Годишна програма за работа на ТППЕ Берово за 2018 година;*

*12.Годишен извештај за реализација на Г1 Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2016 година;*

*13.Годишен извештај за реализација на Г2 Програмата за активностите на општина Берово за 2016 година во областа на туризмот;*

*14.Годишен извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2016 година;*

*15.Предлог Програма за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2018 година Г1;*

*16.Предлог Програма за активностите на Општина Берово за 2018 година од областа на туризмот Г2;*

*17.Предлог Програма за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2018 година;*

*18.Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите,односите со јавноста и меѓународната соработка во 2018 година;*

*19.Извештај за реализираните активности и исплатени средства од Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности за Општина Берово за 2016 година;*

*20.Извештај за реализација на активностите на Општина Берово во областа на културата за 2016 година;*

*21.Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2018 година;*

*22.Предлог Програма за развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2018 година;*

*23.Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година;*

*24.Предлог Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на РМ на подрачјето на Општина Берово за 2018 година;*

*25.Предлог Годишна Програма за поставување на времени објекти за 2018 година;*

*26.Предлог Годишна Програма за поставување на урбана опрема за 2018 година;*

*27.Предлог Годишна Програма за изработка на урбанистички планови за 2018 година на подрачјето на Општина Берово;*

*28.Предлог Годишна Програма за заловување на кучиња скитници на територијата на Општина Берово за 2018 година;*

*29. Предлог Годишна Програма за заштита на населението од заразни болести за 2018 година;*

*30. Предлог Годишна Програма за уредување на градежно земјиште со трошоци за 2018 година;*

*31. Предлог Годишна Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2018 години;*

*32. Предлог Годишна Програма за јавно зеленило за 2018 година;*

*33. Предлог Годишна Програма за јавна чистота за 2018 година;*

*34. Предлог Годишна Програма за одржување на јавно осветлување за 2018 година;*

*35.Барања од институции и граѓани;*

*36.Советнички иницијативи и прашања;*

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа по предложениот дневен ред.

Збор зеде претседателот Матеничарски и предложи дневниот ред да се надополни со уште две точки од дневниот ред и тоа како трета точка да стои -
-Извештај за состојбата на побарувањата,обврските,салдото на сметки,средствата и изворите на средства на 18.10.2017 година

и уште една 36 –та точка од дневниот ред

-Предлог- Комисија за изготвување Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2018 година.

Бидејки никој друг не се јави за дискусија Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

***1.Усвојувањее на Записникот од 2-та седница на Совет на Општина Берово***

*2.Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2017 година*

*3.Извештај за состојбата на побарувањата,обврските,салдото на сметки,средствата и изворите на средства на 18.10.2017 година*

*4.Одлука за именување на членови на Управен одбор при ЈПКР Услуга-Берово*

*5. Одлука за именување на членови на Управен одбор при Дом на култура Димнитар Беровски-Берово*

*6.Предлог Годишна програма за работа на ОЈУДГ 23 Август Берово за 2017/2018 година*

*7.Годишен извештај за работата на 23 Август Берово за 2016/2017 година*

*8.Правилник за организација на работните места при ОЈУДГ 23 Август-Берово*

*9.Правилник за систематизација на работните места при ОЈУДГ "23 Август" Берово;*

*10.Годишен план за вработување на ЈПКР" Услуга"- Берово за 2018 година;*

*11.Шестмесечен извештај за работата на ТППЕ Берово за 2017 година;*

*12.Предлог Годишна програма за работа на ТППЕ Берово за 2018 година;*

*13.Годишен извештај за реализација на Г1 Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2016 година;*

*14.Годишен извештај за реализација на Г2 Програмата за активностите на општина Берово за 2016 година во областа на туризмот;*

*15.Годишен извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2016 година;*

*16.Предлог Програма за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2018 година Г1;*

*17.Предлог Програма за активностите на Општина Берово за 2018 година од областа на туризмот Г2;*

*18.Предлог Програма за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2018 година;*

*19.Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа*

***на комуникациите,односите со јавноста и меѓународната соработка во 2018 година;***

***20.Извештај за реализираните активности и исплатени средства од Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности за Општина Берово за 2016 година;***

***21.Извештај за реализација на активностите на Општина Берово во областа на културата за 2016 година;***

***22.Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2018 година;***

***23.Предлог Програма за развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2018 година;***

***24.Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година;***

***25.Предлог Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на РМ на подрачјето на Општина Берово за 2018 година;***

***26.Предлог Годишна Програма за поставување на времени објекти за 2018 година;***

***27.Предлог Годишна Програма за поставување на урбана опрема за 2018 година;***

***28.Предлог Годишна Програма за изработка на урбанистички планови за 2018 година на подрачјето на Општина Берово;***

***29.Предлог Годишна Програма за заловување на кучиња скитници на територијата на Општина Берово за 2018 година;***

***30. Предлог Годишна Програма за заштита на населението од заразни болести за 2018 година;***

***31. Предлог Годишна Програма за уредување на градежно земјиште со трошоци за 2018 година;***

***32. Предлог Годишна Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2018 годиини;***

***33. Предлог Годишна Програма за јавно зеленило за 2018 година;***

***34. Предлог Годишна Програма за јавна чистота за 2018 година;***

***35. Предлог Годишна Програма за одржување на јавно осветлување за***

***2018 година;***

***36.Предлог Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2018 година***

***37.Барања од институции и граѓани;***

***38.Советнички иницијативи и прашања***

Од присутните 15 советници со 9 гласови ЗА нема советници кои гласале ПРОТИВ, 6 ВОЗДРЖАНИ, нема присутни советници кои не гласале , Советот го усвои предложениот ДНЕВЕН РЕД за работата на третата седница на Советот.

1. ***Усвојување на Записникот од 2-та седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа по првата точка од дневниот ред.

За збор се јави Советникот Гоце Ружински и рече дека дневниот ред не е усогласен со предложениот и усвоениот дневен ред по редоследот на дополнување на истиот.Исто така,продолжи советникот Ружински,измешана е Комисијата за мандатни прашања,избори и именувања со членовите на Комисијата за финансирање и буџет па предложи да се направи исправка на Решението,а грешка има и во однос на известувањето од Комисијата за мандатни прашања и именувања,кадешто треба да стои Претседателот на Комисијата за мандатни прашања,избори и именувања Гоце Ружински.

Советникот Даниела Кржовска има забелешка во однос на третата точка од дневниот ред каде наместо" За збор се јави советникот Јованка Василевска и праша дали проектот може да се реализира и од други извори на средства како што се донации,буџет"-завршен цитат,треба да стои За збор се јави советникот Даниела Кржовска.......

Претседателот на Советот ги даде на усвојување забелешките по Записникот од советникот Гоце Ружински и советникот Даниела Кржовска.

Од присутните 15 советници со 15 гласови ЗА ниту еден ПРОТИВ нема советници кои гласале ВОЗДРЖАНО,нема советници кои не гласале,Советот ги усвои забелешките по првата точка од дневниот ред.

Бидејки никој друг не се јави за збор Претседателот Матеничарски ја затвори расправата по првата точка од дневниот ред и Записникот од 2-та седница на Советот на Општина Берово,со забелешките дадени по истиот ги даде на усвојување.

Од присутните 15 советници со 15гласови ЗА ниту еден ПРОТИВ,,нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ,нема присутни советници кои не гласале , Советот го усвои записникот од втората седница на совет со забелешките дадени по истиот.

Пред почетокот на втората точка од дневниот ред збор побара координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата Предраг Монев и рече дека во име на советничката група и коалицијата Советниците ќе ја напуштат седницата и нема да учествуваат во понатамошната нејзина работа во знак на револт заради политичките случувања во државата,политичкиот прогон и апсење на македонските патриоти кои се товарат за тероризам.Исто така,продолжи Монев,во подршка на колешката советник Емилија Пачемска на која вчера по телефон директорот на ОСУ Ацо Русковски,и најави да не оди веќе на работа бидејќи и престанал работниот однос и тоа без врачено решение и без правна процедура.За понатамошното наше учество во работата на Советот на Општината органите и телата ке донесат одлуки кои ке ги почитуваме-заврши Монев и сите 6 советници од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата ја напуштија седницата.

***2. Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2017 год.***

Претседателот на Советот отвори дискусија по втората точка од дневниот ред.Известителот,во својство на Претседател на Комисијата за финансирање,буџет и локален економски развој Гоце Ружински истакна дека Предлог Одлуката за измена на распоредот на сретствата на Буџетот на Општина Берово за 2017 година била разгледана на состанок на Комисијата.Тој ја образложи по потпрограми и потставки по образложението кое пред Комисијата го дала Татјана Муртовска-Одговорен сметководител на Одделение за финансии при ОП-Берово. Друг не се јави за збор и Претседателот Матеничарски ја затвори расправата по втората точка од дневниот ред и Предлог Одлуката за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Берово за 2017 година ја стави на гласање. Од присутните 9 советници со 9 гласови ЗА ниту еден ПРОТИВ,,нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ,нема присутни советници кои не гласале , е усвоена.

Во меѓувреме пристигна и градоначалникот Звонко Пекевски кој зеде активно учество во работата на Советот.

***3. Извештај за состојбата на побарувањата,обврските,салдото на сметки,средствата и изворите на средства на 18.10.2017 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по третата точка од дневниот ред.За збор се јави Градоначалникот на Општината Звонко Пекевски кој истакна дека Советниците треба да имаат увид во финансиската состојба на Општината. Се осврна на побарувањата и обврските дадени во Извештајот од извршениот вонреден попис и истакна дека состојбата е алармантна,има средства кои од година во година се пренесуваат како обврска на

Општината.Има проблеми со отворени сметки кои не се активни а не се избришани и затоа и побарувањата се нереални.Побарувањата на Општината кон физичките лица се мали бидејки имаме добра практика доколку не се измирени даночните долгови да не се оствaруваат права преку Општината.Најголем дел од обврските,продолжи Градоначалникот,се направени во времето од 2013-2017 година и тоа во најголем дел од недовршените градежни работи,надоместот на советници.Сите обврски се сервисираат од сметката на буџетот на Општината,но бидејки истата е блокирана од март годинава поголем дел од долгот е комулиран, има и судски побарувања во повисок износ.Сите тие аргументи одат кон тоа да сме финансиски нестабилна општина и реално очекуваме помош од Владата на РМ,дали со задолжување или на друг начин.бидејки поголем дел од општините во РМ имаат финансиски проблеми со блокирани сметки.Дел од долгот може и да се зголеми заради присилна наплата.Во лоша финансиска состојба е и детската градинка 23 Август и можно е и нејзино блокирање за разлика од училиштата кои,гледано од финансиски аспект, добро работат,заврши Градоначалникот Пекевски.За збор се јави советничката Славица Фурнаџиска која рече дека и досега знаеле за лошата финансиска состојба на Општината ,но сега веќе има и бројки.Добро ќе беше и колергите од ВМРО ДПМНЕ да бидат присутни на седницата за да слушнат за финансиската состојба на Општината,бидејки тука се работи за економија,а не за политика,заврши советничката Фурнаџиска.За збор повторно се јави Градоначалникот кој рече дека пред 2-3 години буџетот на Општината соответствуваше со неговата проекција,но последните неколку години драстично отстапува,мислејќи на основниот општински буџет.Во своето излагање Претседателот Матеничарски предложи Советот да донесе заклучок за ревизија на финансиската состојба на Општината и тоа преку Државниот завод за ревизија бидејќи ревизиите од овластените приватни куќи чини околу 5.000 евра,а тоа би било нов товар на Општината.Затоа,продолжи Претседателот,да доставиме барање до Државниот завод за ревизија да не стават во својата Програма бидејќи ревизијата е бесплатна.Советот донесе Иницијатива до Државниот завод за ревизија да изврши финансова ревизија на општина Берово и да не стави во својата програма.После исцрпаната расправа претседеателот Матеничарски го даде предлогот на гласање и со 9 гласа ЗА, нема ВОЗДРЖАНИ советници, нема советници кои гласале ПРОТИВ е усвоена третата точка од дневниот ред.

### 4. *Одлука за именување на членови на Управен одбор при ЈПКР Услуга-Берово*

Претседателот на Советот отвори расправа по точката од дневниот ред.За збор се јави советничката Славица Фурнаџиска и за членови на Управниот одбор на ЈПКР Услуга – Берово ги предложи:

1.Емилија Галабовска – Билјарска
2.Лидија Цикарска
3.Гоце Милошевски
4.Дарко Вакански и
5.Габриела Мачевска

Бидејќи немаше друг предлог претседателот ја затвори расправата и предлогот на советничката Славица Фурнаџиска го даде на гласање. Со 9 гласа ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ

советници,нема советници кои гласале ПРОТИВ е усвоен предлогот за именување членови на Управниот одбор на ЈПКР Услуга Берово.

### *5. Одлука за именување на членови на Управен одбор при Дом на култура Димнитар Беровски-Берово*

Председателот на Советот отвори дискусија по петата точка од дневниот ред.Збор зеде советничката Славица Фурнаџиска и за членови на Домот на културата Димитар Беровски ги предложи,

1.Звонко Скендерски-вработен во Домот на културата
2.Јасмина Димовска-истакнат поединец од областа на културата
3.Ангел Таковски-истакнат поединец од областа на културата
4.Драги Костадиновски-истакнат поединец од областа на културата и
5.Светлана Бошначка – претстсавник на локалната самоуправа

Бидејќи немаше друг предлог претседателот Матеничарски ја затвори расправата и предлогот на советничката Славица Фурнаџиска го даде на гласање. Со 9 гласа ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ советници,нема советници кои гласале ПРОТИВ нема советници кои не гласале, е усвоен предлогот за именување членови на Управниот одбор при Дом на културата Димитар Беровски-Берово.

### *6. Предлог Годишна Програма за работа на ОЈУДГ 23 Август Берово за 2017/2018 година*

Претседателот Матеничарски отвори расправа по шестата точка од дневниот ред.Збор зеде советничката Јованка Василевска Петрушевска во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности и истакна дека точката од дневниот ред била разгледана на состанок на Комисијата во присуство на ВД директорката Латинка Поповска. Имале определени забелешки на Програмата во делот на табеларните прегледи кои се различни (на едно место по работни задачи, а на друго и со име и презиме).Во еден дел од Програнмата е згрешена учебната година на музичкиот педагог,како и други грешки кои во договор со ВД Директорката ке се отстранат.Претседателот на Советот ја затвори расправата по шестата точка и истата ја даде на гласање. Со 9 гласа ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ советници,нема советници кои гласале ПРОТИВ нема советници кои не гласале, е усвоена шестата точка од дневниот ред со забелешките дадени од Комисијата за општествени дејности.

### *7. Годишен извештај за работата на ОЈУДГ 23 Август Берово за 2016/2017 година*

Претседателот на Советот отвори расправа по точката од дневниот ред. Збор зеде советничката Јованка Василевска во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности и истакна дека точката од дневниот ред била разгледана на состанок на Комисијата во присуство на ВД Директорката на детската градинка.Комисијата немала забелешки на истиот (навреме доставен,изготвен во законски рок,опширен) и затоа му предложи на Советот седмата точка од дневниот ред да ја усвои. Претседателот на Советот ја затвори расправата по седмата точка и истата ја даде на гласање. Со 9 гласа ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ советници,нема советници кои гласале ПРОТИВ нема советници кои не гласале, е усвоена седмата точка од дневниот ред.

*8. Правилник за организација на работните места при ОЈУДГ 23 Август Берово*

Претседателот Матеничарски отвори дискусија по точката од дневниот ред.Тој истакна дека согласно Записникот од извршениот инспекциски надзор за работењето на Установата истата е задолжена да добие согласност од Советот на Општината.Во тој контекст,рече советникот Матеничарски, овие два акти систематизација и организација на работните места мора да бидат разгледани и соответно по нив да се произнесеме,заврши тој.Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и ја даде на усвојување осмата точка од дневниот ред. Со 9 гласа ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ советници,нема советници кои гласале ПРОТИВ нема советници кои не гласале, е усвоена осмата точка од дневниот ред.

*9. Правилник за систематизација на работните места при ОЈУДГ 23 Август Берово*

Претседателот на Советот отвори расправа по деветата точка од дневниот ред.Тој рече дека и со оваа точка од дневниот ред е исто како со осмата и затоа точката ја даде на гласање.. Со 9 гласа ЗА, нема ВОЗДРЖАНИ советници, нема советници кои гласале ПРОТИВ нема советници кои не гласале, е усвоена деветата точка од дневниот ред.

*10. Годишен план за вработување на ЈПКР Услуга Берово за 2018 година.*

Претседателот на Советот отвори расправа по точката од дневниот ред.Бидејки никој не се јави за дискусија ја стави точката на гласање. Со 9 гласа ЗА, нема ВОЗДРЖАНИ советници, нема советници кои гласале ПРОТИВ нема советници кои не гласале, е усвоена десетата точка од дневниот ред.

*11. Шестмесечен извештај за работата на ТППЕ Берово за 2017 година*

Претседателот на Советот отвори расправа по точката од дневниот ред при што беше повикан раководителот на ТППЕ –Берово Димитар Букушовски.За збор се јави советничката Славица Фупнаџиска во својство на известител од Комисијата за јавни дејности.Став на Комисијата ,продолжи известителот,е дека Извештајот е воопштен,,нема дадено површини,стамбени објекти кои биле зафатени од пожар и Комисијата донела заклучок истиот да се доработи,прошири во делот на прецизираност на податоците за да се има реална слика на тоа што работела ТППЕ во изминатиот шестмесечен период.Раководителот на ТППЕ Димитар Букушовски во одговор рече дека општина Берово е потписник на ИСО и податоците кои Комисијата ги бара да бидат вметнати во Извештајот не се во надлежност на ТППЕ и затоа во Извештајот се прикажани статистички.Другите податоци ги има во посебна интерна евиденција која може да се донесе на увид бидејки има пропишано начин и постапка за нејзина изработка,а за секоја поголема интервенција имаме доставено извештај до Градоначалникот. Има податоци кои се во надлежност на полицијата и затоа треба да се разграничи што е тоа што ние можеме да го дадеме како информација, а што не смееме за тоа што се случувало на терен.Ако Советот оцени дека треба да се дадат пошироки и попрецизни информации за поголемите интервенции на ТППЕ-Берово,тогаш истите дополнително ке бидат вградени во Извештајот.Во прилог на претходната дискусија советникот Матеничарски рече дека во многу случаи на опожареност Советот интервенирал со парична помош ,а нема реална слика за тие интервенции.Точката од дневниот ред е дадена на усвојување.Со осум

гласови ЗА ,еден советник отсутен,нема ВОЗДРЖАНИ советници, еден советник во меѓувреме беше отсутен,нема советници кои гласале ПРОТИВ е усвоен шестмесечниот Извештај за работа на ТППЕ-Берово за 2017 година претседателот Матеничарски предложи забелешките по Извештајот да се вметнат во наредниот шестмесечен и деветомесечен извештај,односно да се достават до Советот заедно со Годишниот извештај за работата на ТППЕ=Берово за 2017 година.

***12. Предлог Годишна програма за работа на ТППЕ-Берово за 2018 година***

Бидејќи двете точки од дневниот ред не беа строго разграничени,советничката Славица Фурнаџиска во однос на Предлог Годишната програма за работа на ТППЕ-Берово за 2018 година истакна дека на состанокот на Комисијата за јавни дејности е констатирано дека Програмата нема развојни елементи во мисла на тоа дали се планирани обуки,колку редовни контроли ке се спроведат и т.н.Во својата дискусија во однос на Програмата претседателот Матеничарски се осврна на тоа дали планираните расходи се усогласени со планираното во одделението за финансии и буџет и на состојбата на возилата кои мора да бидат во исправна состојба и навреме да се сервисираат .Во одговор известителот Букушовски рече дека во однос на тоа со што располага ТППЕ е во исправна состојба, но има сознание дека Дирекцијата за заштита и спасување има возила и добро би било да се направат напори и ТППЕ-Берово да добие едно.После сите дискусии Советот едногласно констатира дека Програмата мора да се доработи,да се допрецизира,усогласи со буџетот на општината.Од тие причини раководителот на ТППЕ Димитар Букушовски ја повлече Предлог Програмата за работење на ТППЕ-Берово за 2018 година со обврска за наредната седница на Советот на Општината да изготви нова.

***13. Годишен извештај за реализасија на Г1 Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2016 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по тринаесетата точка од дневниот ред.За збор се јави Гоце Ружински во својство на известител на Комисијата за финансирање,буџет и локален економски развој.Тој рече дека Извештајот бил разгледан на состанок на Комисијата и го образложи пред Советниците по активности,финансиска конструкција и период на реализација.Тој побара да биде повикан Горги Пеовски-Раководител на одделението за локален економски развој да одговори на прашањата од Советниците по точката на дневниот ред.Претседателот Матеничарски даде завелешка на временската рамка на Извештајот,односно на неговото изработување во ноември и ненавремено доставување до Советот.Во одговор Пеовски истакна дека согласно Програмата која ја усвоил Советот за работа, Извештаите требало да се достават до третиот квартал,а истите се изработени во март за годишната проверка на раководството за контролата на ИСО.Понатаму Пеовски го образложи Извештајот и Г1 Програмата по активности,финансиски дел и период на реализасија.Советникот Славица Фурнаџиска се интересираше за сумите на исплатени средства за извештајниот период, за кое одговор даде Пеовски.После исцрпената расправа по точката од дневниот ред Претседателот Матеничарски ја даде точката на усвојување.Со 9 гласови ПРОТИВ, ниту еден ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ советници,нема советници кои не гласале,Годишниот узвештај за реализација на Г1 Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2016 година не е усвоен,со забелешка за ненавремено доставување.

***14. Годишен извештај за реализација на Г2 Програмата за активностите на Општина Берово за 2016 година во областа на туризмот***

Претседателот на Советот отвори расправа.Известителот Ѓорѓи Пеовски истакна дека реализацијата во Г2 Програмата е мала,со мал буџет,но некои активности се поклопуваат.Како Општина имаме приход по основ на туризам,но има и расходен дел.Некои делови од инфраструктурата се влезени во туризмот,но од страна на туристичките комплекси Аурора и хотел Манастир имаме редовна наплата на туристичката такса за разлика од индивидуалните сопственици кои ја избегнуваат.Советникот Матеничарски имаше забелешка на ненавремени доставениот извештај и времето на неговата изработка.Бидејќи никој друг не се јави за збор четиринаесетата точка од деневниот ред е ставена на гласање. Со 9 гласови ПРОТИВ, ниту еден ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ советници,нема советници кои не гласале,Годишниот узвештај за реализација на Г2 Програмата за активностите на општина Берово за 2016 година во областа на туризмот реализација на Општина Берово за 2016 година не е усвоен,со забелешка за ненавремено доставување.

***15 .Годишен извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2016 година***

Претседателот Матеничарски отвори расправа.Раководителот на одделението за ЛЕР Ѓорѓи Пеовски рече дека во финансискиот дел нема потрошени средства,но има активности во посебните сфери како што се единките корисници кои се дел од Програмата.Од буџетот на Општината нема потрошени средства но во секоја единка корисник треба да се формира тим за енергетска ефикасност кој треба да доставува извештај до Општината.После дискусијата претседателот Матеничарски го даде Извештајот на гласање. . Со 9 гласови ПРОТИВ, ниту еден ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ советници,нема советници кои не гласале,Годишниот извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2016 година не е усвоен,со забелешка за ненавремено доставување.

***16. Предлог Програма за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2018 година Г1***

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред.Во оеднос на Програмата Претседателот рече дека сите планирани средства мора да бидат усогласени со планирањата во одделението за финансии и буџет,во кој мора да бидат вклопени.Предвидените трошоци мора да бидат вклопени во буџетот,односно тие заеднички треба да се дефинираат за да не се дојде до ситуација да неможе да се реализираат заради недостаток на средства.Известителот Пеовски во образложението истакна дека целата Програма пред околу месесиполовина е доставена на увид кај Градоначалникот и сигурно е прегледана бидејќи немам забелешка по истата,но моите ингеренции се до тука да ја изготвам и предложам ,а другото е на Советот.Советничката Даниела Кржовска предложи во Програмата да се променат две работи,да се исфрлат,избришаат Мерките од ИПАРД програмата,а може да бидат сменети и имињата.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и Предлог Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2018 година Г1 ја даде на гласање со забелешките за бришење на сумите по истата. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Предлог Програмата е усвоена.

17. ***Предлог Програма за активностите на Општина Берово за 2018 година во областа на туризмот Г2***

Претседателот на Советот отвори дискусија по точката од дневниот ред.Истиот ги прочита планираните активности и предвидувањата во буџетот на Општината за таа намена со констатација дека реализасијата може и да се промени,односно да се изменат или додадат стафки.Во одговор известителот Пеовски рече дека финансовата моќ на Општината е мала и е

отворен простор за поголема активност во областа на туризмот преку проекти со соседните општини за да не го оптеретуваме буџетот,а сме и во очекување на повик и за прекугранична соработка,заврши истиот. Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и Предлог Програмата за активностите на Општина Берово за 2018 година во областа на туризмот Г2 ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Предлог Програмата е усвоена.

***18. Предлог Програма за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2018 година.***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точката на дневен ред.Истиот рече дека при средбата со граѓани од с.Митрашинци е констатирано дека има проблем со кровот на училишната сала кадешто протекува.Во одговор Пеовски рече дека средства за санирање на објектите на училиштата не се од буџетот на Општината,туку од нивни средства добиени преку дотации,сопствени средства и т.н.Збор зеде советничката Славица Фурнаџиска и предложи во делот од Програмата Активности,времкенски распоред и инвестиција да се променат сумите на инвестиција со вкупната сума на потребни средства.Претседателот го даде предлогот на советничката Фурнаџиска на гласање и истиот едногласно е прифатен.Бидејќи друг не се јави за збор претседателот ја затвори расправата и Предлог Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2018 година со забелешките ја даде на усвојување. . Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Предлог Програмата со забелешките е усвоена.

***19. Предлог Програма за активностите на општина Берово во областа на комуникациите,односите со јавноста и меѓународната соработка во 2018 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по деветнаесетата точка од дневниот ред,при што беше повикана Зорица Ризовска од одделението за управување со човечки ресурси.Претседателот на Советот постави прашање дали сумите се прифатливи за одделението за финансии и буџет при што Ризовска одговори дека сумите се договорени и планирани од страна на одделението.Исто така продолжи,Претседателот, има грешка во вкупниот износ на средства во финансиската спецификација на активностите од Програмата за комуникации и односи со јавност каде наместо Вкупно 870.000 треба да стои 850.000.Во своето излагање Ризивска ја дополни Програмата во делот Реализација на активности во рамки на меѓународна соработка со Општина Брад,Република Романија.Бидејќи немаше друг советник кој побара збор, претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја стави на гласање. . Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Предлог Програмата за активностите на општина Берово во областа на комуникациите,односите со јавноста и меѓународната соработка за 2018 година со забелешките по неа е усвоена.

***20. Извештај за реализираните активности и исплатени средства од Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности за Општина Берово за 2016 година***

Претседателот на советот отвори расправа по точката од дневниот ред. Збор зеде претседателот на Комисијата за јавни дејности Јованка Василевска Петрушевска и рече дека предметниот Извештај бил разгледан на состанок на Комисијата и имаат забелешки во делот на Извештајот Реализирани спортски активности во точка 8 каде наместо за непречено функционирање на фудбалскиот клуб Малеш во буџетот за 2016 година беа предвидени 580.000 ден.треба да стои 500.000,а исто така Комисијата има забелешка и на временската

рамка на доставување  на Извештајот до Советот.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ПРОТИВ, ниту еден ЗА,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале, Извештајот за реализираните активности и исплатени средства од Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности за Општина Берово за 2016 година не е усвоен.

***21. Извештај за реализација на активностите на Општина Берово во областа на културата за 2016 година***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точката на дневен ред.Беше повикан Марин Демировски-раководител на одделението за јавни дејности да одговори на прашањата на советниците.Известителот на Комисијата Јованка Василевска Петрушевска рече дека Извештајот бил разгледан на состанок на Комисијата за јавни дејности и рече дека Извештајот е многу сиромашен и сумите од збирниот финансиски дел не соответствуваат со вкупниот износ.исто така,рече таа,нема дата на изработка на Извештајот ниту дата на доставување до Советот.Советникот Славица Фурнаџиска исто така имаше забелешки по Извештајот во делот на негова оскудност,некомплетност и неинформираност како,колку и за кои настани поединечно се потрошени средствата. После дискусијата Претседателот на Советот точката од дневниот ред ја даде на усвојување. Со 9 гласови ПРОТИВ, ниту еден ЗА нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Извештајот за реализација на активностите на Општина Берово од областа на културата за 2016 година не е усвоен.

***22. Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за  2018 година***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори дискусија по дваесетивтората точка од дневниот ред.Во присуство на Марин Демировски Претседателот на Комисијата за јавни дејности рече дека  Програмата била разгледана на состанок на Комисијата и имаат зсабелешки  во однос на табеларниот распоред на средства кој не е веродостојно распределен.Претседателот Матеничарски го постави прашањето дали предвидените средства може да се вклопат во буџетот на Општината по што Демировски одговори дека средствата се креирани заедно со одделението за финансирање и буџет и дека тоа е сепак само Предлог Програма која Советот може да ја креира или изменува.По дискусијата како да се изедначи,правилно распределат средствата во Програмата,Советникот Гоце Ружински предложи ставката” Летна култура за Берово” од 690.000,00 ден да се намали на 610.000,00 и вкупен расход на Програмата да биде 1.260.000,00 денари.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот на Советот ја затвори расправата и точката од дневниот ред Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2018 година со забелешките по истата ја даде на усвојување.Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,точката од дневниот ред со забелешките по неа е усвоена.

***23. Предлог Програма за расвој на спорт и спортско рекреативни активности на општина Берово за 2018 година***

Претседателот на Советот отвори расправа.Известителот на Комисијата  за јавни дејности Јованка Василевска Петрушевска рече дека Комисијата нема забелешки по Предлог Програмата.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот Матеничарски ја затвори расправата и точката на дневен ред ја даде на гласање.Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Програмата за разбој на спортот и спортско рекреативни активности на општина Берово за 2018 година е усвоена.

***24. Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година***

Претседателот на Советот отвори расправа по точката од дневниот ред.Бидејки никој не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година едногласно е усвоена.

***25. Предлог Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на РМ на подрачјето на Општина Берово за 2018 година***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точккатa од дневниот ред,при што рече дека Предлог Програмата била разгледана на состанок на Комисијата за урбанизам,комунални дејности и заштита на животната средина и немале никакви забелешки по истата.Бидејќи друг не се јави за збор Пртетседателот ја затвори расправата и предлогот го даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на РМ на подрачјето на Општина Берово за 2018 година е усвоена.

***26. Предлог Годишна Програма за поставување на времени објекти за 2018 година***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точккатa од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Годишната Програма за поставување на времени објекти за 2018 година е донесена.

***27. Предлог Годишна Програма за поставување на урбана опрема за 2018 година***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа по точккатa од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Годишната Програма за поставување на урбана опрема за 2018 година е усвоена.

***28. Предлог Годишна Програма за изработка на урбанистички планови за 2018 година на подрачјето на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точккатa од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2018 година на подрачјето на општина Берово е усвоена.

***29. Предлог Годишна Програма за заловување на кучиња скитници на територијата на општина Берово за 2018 година***

Претседателот на Советот  отвори расправа по точкката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Годишната Програма за  заловување на кучиња скитници на територијата на општина Берово за 2018 година е усвоена.

***30. Предлог Годишна Програма за заштита на населението од заразни болести за 2018 година.***

Претседателот на Советот  отвори расправа по точкката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Годишната Програма за заштита на населението од заразни болести за 2018 година е усвоена.

***31. Предлог годишна Програма за уредување на градежно земјиште со трошоци за 2018 година***

Претседателот на Советот Матеничарски отвори расправа по точкката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог  Годишната Програма за уредување на градежно земјиште со трошоци за 2018 година е донесена.

***32 Предлог Годишна Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2018 година***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точкката од дневниот ред,при што рече дека Предлог Програмата била разгледана на состанок на Комисијата за урбанизам,комунални дејности и заштита на животната средина и имале забелешки по истата,но тие се исправени. Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог  Годишната Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улуци за 2018 година е усвоена.

***33. Предлог Годишна Програма за јавно зеленило за 2018 година***

Претседателот на Советот Матеничарски отвори расправа по точкката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог  Годишната Програма за  јавно зеленило за 2018 година е донесена.

***34. Предлог Годишна Програма за јавна чистота за 2018 година***

Претседателот на Советот Матеничарски отвори расправа по точкката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Годишната Програма за јавна чистота за 2018 година е усвоена.

***35. Предлог Годишна Програма за одржување на јавно осветлување за 2018 година***

Претседателот на Советот Матеничарски отвори расправа по точкката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање. Со 9 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Предлог Годишната Програма за јавно осветлување за 2018 година е усвоена.

***36. Предлог Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот***

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред и предложи за членови на Комисијата да бидат Гоце Ружински,Славица Фурнаџиска како координатор и Герасим Гриовски.Предлогот на претседателот Матеничарски едногласно е прифатен

***36. Барања од институции и граѓани***

Претседателот на Советот отвори расправа по точката од дневниот ред и предложи Барањата да се одложат за наредната седница бидејќи се отсутни советниците од ВМРО-ДПМНЕ, освен оние кои се итни и неодложни.Предлогот едногласно беше прифатен.

1.Повторно се разгледа барањето на Емилија Трајановска од Скопје и се донесе **Заклучок** и истиот да се достави до Министерството за култура да ја забрза постапката за заштита и санација на објектот семејна куќа во централното градско подрачје во сопственост на Емилија Трајановска.

2.Се разгледа барањето на Џулизар Арифовска за обезбедување на простор,објект стара амбуланта во сопственост на Општината и се донесе **Заклучок** позитивно да се одговори на барањето,а за наредната седница на Советот да се донесе Одлука за преотстапување на објектот без надоместок.

***38. Советнички иницијативи и прашања***

Претседателот на Советот отвори расправа по точката од дневниот ред.Збор зеде советничката Славица Фурнаџиска и истакна дека има одговор од советничките прашања и иницијативи од претходната седница и тоа:

- Анализа на водата за пиење последен пат е направена на 21.09.2017 година во с.Двориште и истата **не одговара** на пропишаниот квалитет на вода за пиење од Институтот за јавно здравје, потребно е да се извести Инспекторатот и секако населението од с.Двориште
- Од подрачјето на Берово се земени две мостри на 10.11.2017 година и истата **одговара** согласно пропишаните услови,а исто се однесува и за суровата вода.
- По другите прашања и иницијативи на советникот Монев е постапено.

За збор се јави советникот Горан Фидански и рече дека за време на дождови и други временски непогоди куќите на него и на Горан Чочковски,граѓани од с,Русиново се загрозени поради непрофесионално ставената шахта директно во реката,а со тоа и

каскада која ствара проблеми и од која може нивните домови да се наполнат со вода.Затоа,предложи истиот, веќе започнатата шахта да се доправи,но и направи нова,професионална како би се заштитиле од поплава и да се извести одделението за комунални дејности да превземе под итно активности со кои ке го извести ЈПКР Берово за констатираните недостатоци и до советот да се достави повратна информација,заврши Фидански.

Седницата заврши во 13.30 часот.

Записникот е изработен на 05.12.2017 година.

Записничар,
Бранка Шишовска

Усвоен :
Број 09-3211/1
27.12.2017 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски